Друштво за туризам, угостителство, рекреација
и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ
Бр. 05-323/1
27.03 2020 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 18 став 1 и став 4 од Правилникот за спроведување на интерните процедури за набавка на стоки, услуги и работи на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје бр. 01-1117/1 од 05.10.2017 година, Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје (Друштвото) преку Управителот Џемаиљ Јусуфи, на ден 27.03.2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за поништување на постапка за прибирање на понуди за набавка на услуги од мобилна телефонија за потребите на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје (05-319/2 од 23.03.2020 година)**

**СЕ ПОНИШТУВА** постапката за прибирање на понуди за набавка на услуги од мобилна телефонија за потребите на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје (05-319/2 од 23.03.2020 година) и сите дејствија преземени од Друштвото во наведената постапка.

Оваа Одлука стапува на сила на денот на нејзиното донесување.

Одлуката да се објави на web страницата на Друштвото www.elemturs.mk.

**О б р а з л о ж е н и е**

Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје започна постапка прибирање на понуди за набавка на услуги од мобилна телефонија за период од две години.

Со оглед дека заради моменталната вонредна состојба во Република С. Македонија и строгите мерки на Владата на Република С. Македонија заради спречување на ширење на COVID-19 вирусот не е возможно натамошно спроведување на постапката и избор на најповолна понуда без да се доведе во опасност здравјето на членовите на Комисијата за спроведување на набавката и на потенцијалните понудувачи, како и заради непредвидените и објективни околности кои доведоа до промена на начинот на функционирање на Друштвото и неговите потреби, нужно потребно беше да се донесе одлука како во диспозитивот на истата.

**Друштво за туризам, угостителство, рекреација и**
**спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје**
**Управител,**
**Xhemail Jusufi**

Друштво за туризам, угостителство, рекреација и спорт
ЕЛЕМ ТУРС
ДООЕЛ
СКОПЈЕ